ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 05-14 /2
05.01 2026 год
КРИВОГАШТАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул„7-ми Септември" бр.4 tel/faks.045/274-810
e-mail:opstina@mbrod.gov.mk, www.mbrod.gov.mk

СТРАТЕГИЈА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

на единицата за внатрешна ревизија во

ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

за периодот
2026-2028 година

Декември, 2025 година
Кривогаштани

1. Вовед

Стратегијата за развој на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор од 2026 до 2028 година претставува среднорочен план за развој на системот на внатрешни финансиски контроли во јавниот сектор и истата е стратешки документ на оделението за внатрешна ревизија во Општина Кривогаштани.

Стратегијата во оваа област има за цел воспоставениот систем на внатрешните финансиски контроли во јавниот сектор понатаму да го развива, како алатка која ќе му послужи на раководството за одговорно, успешно и транспарентно управување со средствата на општината .

Системот на внатрешни финансиски контроли го сочинуваат финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија и нивната хармонизација. Развојот на овој систем во општината и неговото спроведување се врши согласно Глобалните стандарди за внатрешна ревизија.

Стратегијата за развој на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор од 2026 до 2028 година е фокусирана на активности за спроведување во пракса на воспоставениот систем на внатрешни финансиски контроли и зголемување на свеста за значењето и придобивките на овој систем, преку зајакнување на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

Развојот на системот на внатрешни финансиски контроли е континуиран процес во кој од раководителите во општината се бара да имаат активен пристап во управувањето, каде во фокусот не се само прашањата "колку трошиме и дали сме во границите на планираните средства", туку и прашањата "за што и како трошиме и кои цели и резултати ги постигнуваме". За да се обезбеди одржливост на јавните финансии на краток и среден рок, неопходно е подобрување на финансиското управување преку соодветно планирање, извршување, мониторинг и известување, кои на раководителите им овозможуваат доволен степен на сигурност во делегирање на задачите и одговорностите.

Подобрената регулатива и методологија за работа во оваа област создава добра основа за систематски развој на управувањето во општината со наметнување обврска стратешки да планираат, да управуваат со ризиците, да даваат овластувања и одговорности за реализација на целите и управувањето со средствата, да развиваат систем на евиденција и известување, да спроведуваат само-проценка на системот на финансиско управување и контрола, да се користи работата на внатрешната ревизија преку спроведување на препораки и со тоа навреме да се решаваат констатираните слабости и недостатоци во финансиското управување и контрола. Заради тоа, неопходно е да се утврдат понатамошните правци на развој на системот на внатрешни контроли за да се обезбеди комплементарност на наведените реформи

и да се даде придонес за одговорно, транспарентно, ефикасно, ефективно и економично управување со средствата на општината .

Стратегијата за внатрешна ревизија како план на дејствување дизајниран за постигнување на долгорочна или општа цел вклучува:

- Визија;
- Стратешки цели;
- Иницијативи за поддршка на единицата за внатрешна ревизија.

1.1 Визија

Визијата на единицата за внатрешна ревизија е да го поддржи раководството на субјектот со вршење на наменски ревизорски ангажмани и совети и да придонесе кон создавање додадена вредност за субјектот, постапувајќи во согласност со Глобалните стандарди за внатрешна ревизија .

1.2 Пристап за утврдување на стратешките цели на единицата за внатрешна ревизија

При одредување на стратешките цели единицата за внатрешна ревизија разви SWOT анализа во која се наведени предности , слабости , можности и закани за единицата за внатрешна анализа .

Утврдените можности и слабости преку SWOT анализата се основа за дефинирање/утврдување на стратешките цели кои единицата за внатрешна ревизија на субјектот ќе се обиде да ги оствари во период од три години .

Ред. бр.	Клучни процеси	Цели	Ризик	Влијание	Веројатност	Резидуален ризик	Фактор на ризик	Пондер на ризик	Индекс на ризик
1	Финансиско управување и контрола во работењето на Општина	Воспоставување ефективност и ефикасност на системот на финансиско управувавње и контрола	Неизготвување на планот на финансиско управување и контрола	Ефективноста и ефикасноста на системот на финансиско управување и контрола средно(2)	веројатно(4)	висок(12)	А.2 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (38)

2	Донесување на буџетот;	Реална проценка на вкупните планирани приходи на буџетот	Нерелно проценување на донациите.	Прецењување на приходите од донации. Средно(2)	Очекувано (5)	Среден (10)	А.3 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (32)
3	Ажурирање на данок на имот;	Остварување на приходи за општината	Неправилно утврдена вредност.	Намалување на даноците и помали приходи високо(3)	Малку веројатно(2)	Среден(6)	А.5 Б.3 В.5 Д.0	А.3 Б.2 В.2 Д.4	среден(31)
4	Контрола на финансиите документи	Проценка на реализацијата на буџетот	Ненавремени,неточни, некомплетни барања кои не се во согласност со зак.регулатива и со колективните договори, не се совпаѓаат со одобрениот буџет и висината на одобрените средства од односното министерство за тековниот месец.	Изготвување на навремени комплетни точни фин.планови. -нодобрување и вчитување на финан.планови -дисконтинуитет во работата на единките корисници средно (2)	Средно веројатно(3)	Среден(6)	А.3 Б.0 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (35)
5	Сметководствено евидентирање	Законско,правилно,точно,навремено изготвување на влезни сметководствени документи	Несоодветна проверка,контрола и комплетирање на влезни фактури.	добивање ф-ра од економски оператор кој не е избран за најповолен,да се исплатат средства на ек.оператор со кој не е склучен договор, да се плати за стоки и услуги кои воопшто не се добиени Високо(3)	Високо веројатно(3)	Среден (3)	А.3 Б.0 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (35)
6	Плаќање;	Законско, правилно,точно и навремено подмирување на доспеаните обврски	-Грешки при изготвувањето на налогот при внесување на елементите(програ	плаќање на погрешен доверител, повторно плаќање на една иста ф-	Веројатно (4)	Среден (8)	А.3 Б.3 В.0 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (35)

			ма,конто ,износ,с-ка на екон.оператор, да ночен број).	ра,плакање на погрешен износ ,враќање на налозите од трезорската канцаларија поради погрешно конто,програма, немање доволно средства средно(2)					
7	Следење на реализацијата на договорите;	Навремено,точно,регуларно и транспарентно извршување на набавката	ненавремено, неточно, нерегуларно и нетранспарентно плаќање	Законитост, Регуларност Средно2)	Очекувано (5)	Среден(10)	А.3 Б.3 В.0 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (35)
8	Јавни набавки под вредносните прагови за примена на законот за јавни набавки	Навремено,точно,регуларно и транспарентно извршување на набавката	ненавремено, неточно, нерегуларно и нетранспарентно спроведување на јавни набавки под вредносните прагови	Законитост, Регуларност високо(3)	Веројатно(4)	Висок(12)	А.2 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (38)
9	Пресметка на плата;	Навремена и точна пресметка и исплата на плата на вработените	-Погрешно пресметани одбитоци на плата -Погрешно пресматани додатоци на плата - Погрешно пресметано звање на вработен	Прецените или потценети расходи за плата. Високо (3)	Малку веројатно(2)	Среден(6)	А.2 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (38)

10	Благајничко работење;	Законско ,правилно,точно вршење на работите од областа на Благајничкото работење, за обезбедување на матријални средства и услуги за потребите на општината	Некомплетни и неверодостојни документи,врз основа на кои се врши готовинска исплата	На законитоста Високо(3)	Малку веројатно(2)	среден(6)	А.2 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (38)
11	Собирање, наплата на приходи;	Реална проценка на вкупните планирани приходи на буџетот	Нерелно проценување на донациите и приходи од самофинансирање .	Пределување на приходите од донации и самофинансирање . Средно(2)	Очекувано (5)	Среден (10)	А.2 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (38)
12	Изготвување на апликации и проекти за аплицирање на средства од донации;	Одредување на приоритетни проекти при формирање на буџетот на општината,со што се зголемува транспарентноста и економскиот развој на општинатата	Ненавремено и некомплетно информирање на граѓаните.Занемарување на точноста	навремено отпочнување со подготовки средно(2)	Очекувано (5)	Среден (10)	А.3 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (32)
13	Спроведување на постапки за јавни набавки;	Навремено,точно,регуларно и транспарентно извршување на набавката	Несоодветно изготвување на техничката спецификација , неизготвување и непотпишување на извештај за спроведената постапка	Точноста на набавките на стоки и услуги кои одговараат во целост на потребите на општината, континуитетот во процесот на набавка	очекувано(5)	Среден(10)	А.3 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	среден(32)

				средно(2)					
14	Подготвување на седниците на совет;	Законски, навремено, правилно припремање седници на совет	Ненавремено,неком плетно доставување на материјалите до совет,	навремено целосно информирање на членовите на совет, за дневниот ред на седницата, продуктивна седница и остварување на планираните цели и дисконтинуитет во работата на општината високо(3)	веројатно(4)	висок(12)	А.2 Б.0 В.3 Д.0	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Низок (12)
15	Одржување на општинскиот софтвер;	Законски,навремено,правилно одржување на компјутерската мрежа	Неправилно,неквалитетно,некомплетно и ненавремено одржување на компјутерската мрежа,	Губење на податоци ,доаѓа до нарушување на континуитетот во работата на општината високо(3)	средно(3)	среден(9)	А.3 Б.0 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	среден(35)
16	Архивско работење;	Законски,навремено,правилно и соодветно архивирање на решени предмети	- Неправилности при одбирање на архивски материјал.	Уништување на архивски материјал од трајна вредност. високо(3)	веројатно(4)	висок(12)	А.2 Б.0 В.3 Д.0	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Низок (12)
17	Попис ;	Законско,правилно,точно ,навремено спроведување на пописот	Нестручни,некомпетентни лица како членови на пописната комисија, -ненавремена подготовка на пописниот материјал, - неспроведување на физички (вистински) попис, - неусогласување	усогласување на сметководствената евиденција со фактичката состојба -точноста на финансиските извештаи Високо(3)	веројатно(4)	Висок(12)	А.3 Б.0 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден (35)

			на разликите помеѓу состојбата по пописот и состојбата во книговодството, -неутврдување на причините за настанатите кусоци и вишоци,недавање предлози и мерки со кои ќе се отстранат причините за кусоци и вишоци, -неправилно книжење на резултатите од пописот во сметководството .						
18	Легализација на бесправно изградени објекти;	Вклопување на бесправно изградените објекти во урбанистичкиот план на општината	Несоодветна, некоплетно извршена пресметка за надоместок за легализација	законските прописи високо(3)	Средна(3)	среден(9)	А.5 Б.3 В.5 Д.0	А.3 Б.2 В.2 Д.4	среден(31)
19	Издавање на одобрение за градба;	Промена на претходно одобрен проект	Несоодветна ,некоплетна анализа на поднесеното барање со приложената документација,	изготвување на Решение и усогласеноста со урбанистичкиот план високо(3)	Средна(3)	среден(9)	А.2 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден(38)
20	Пресметка на комунален надоместок;	регулиран надоместокот за користење на простор пред деловен објект	Несоодветно ,некомплетно извршен увид ,	утврдување на надоместокот високо(3)	Средна(3)	среден(9)	А.2 Б.3 В.3 Д.5	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Среден(38)
21	Продажба на градежно земјиште;	Продажба на градежно земјиште и остварување на приходи	Несоодветна ,некомплетна проценка на финансиските с-ва за реализирање на програмата	реализирање на програмата високо(3)	Средна(3)	среден(9)	А.5 Б.3 В.5 Д.0	А.3 Б.2 В.2 Д.4	среден(31)

22	Промоција на Општината;	**Создавање на услови за поставување на основа за развој на туризмот во општината.**	Несовпаѓање на финансиската конструкција со финансиските можности на општината и несоодветно припремање на промотивниот материјал	постигнување на целта **високо(3)**	Средна(3)	среден(9)	А.2 Б.3 В.3 Д.0	А.3 Б.2 В.2 Д.4	Низок (18)
23	Изготвување на програми	**Да се одредат активности со кои навремено и квалитетно ќе се задоволат потребите на граѓаните**	Некомплетно и неточно согледување на состојбата на територијата на општината .	изготвување на соодветна програма и до решавање на проблемите кои ги опфаќа оваа програма **високо(3)**	**Средна(3)**	**среден(9)**	**А.2** **Б.3** **В.3** **Д.5**	**А.3** **Б.2** **В.2** **Д.4**	**среден(38)**
24	Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски	**Поддршка на граѓанските здруженија** со цел на приоритизација на инвестициите во снабдувањето со вода за пиење и одведување на отпадни води **и утврдување на развојните**	Несоодветно одредување на мерките и несоодветно конкретизирање на активностите што треба да се извршат. Несовпаѓање со финансиските можности и капацитетите,	реализирање на планираните цели **високо(3)**	**Средна(3)**	**среден(9)**	**А.2** **Б.3** **В.3** **Д.5**	**А.3** **Б.2** **В.2** **Д.4**	**среден(38)**

	води и извештај за реализација	**приоритети на општината.**							
28	Материјално-финансиско работење во општинските градинки, основни, средни училишта и јавни претпријатија.	**Законско, правилно, точно, навремено изготвување на влезни сметководствени документи**	Несоодветна проверка, контрола и комплетирање на фактури.	добивање ф-ра од економски оператор кој не е избран за најповолен,да се исплатат средства на ек.оператор со кој не е склучен договор, да се плати за стоки и услуги кои воопшто не се добиени **Високо(3)**	Очекувана(5)	**Среден (10)**	**А.2 Б.3 В.3 Д.5**	**А.3 Б.2 В.2 Д.4**	**Среден (38)**
29	Јавни набавки во општинските градинки, основни, средни училишта и јавни претпријатија	**Навремено, точно,регуларно и транспарентно извршување на набавката**	Неусогласеност на договорот со -одлуката за јавна набавка -услови во тендерската документација - одлуката за избор на најповолен понудувач - закон за јавни набавки -закон за облигациони односи	Законитост,регуларност **високо(3)**	**Веројатно(4)**	**Висок (12)**	**А.2 Б.3 В.3 Д.5**	**А.3 Б.2 В.2 Д.4**	**Среден (38)**

30	Управување со ризици	донесување на ризиците на прифатливо ниво со спроведување на мерки кои ќе ја ублажат веројатноста за настанување на ризикот, влијанието на реализација на ризик или двете во исто време	Ефективноста и ефикасноста на системот **на управување со ризиците** средно(2)	Очекувано (5)	**Среден (10)**	**А.2 Б.3 В.3 Д.5**	**А.3 Б.2 В.2 Д.4**	**Среден (38)**	
31	Евидентирање и пријавување на обврски	**Реална проценка на евидентирањето и пријавувањето на обврските**	- не евидентирање на обврските -не пријавување на обврските	Потценување на обврските Средно (2)	**Очекувана(5)**	**Среден (10)**	**А.2 Б.3 В.3 Д.5**	**А.3 Б.2 В.2 Д.4**	**Среден(38)**

2.Стратешки цели на единицата за внатрешна ревизија и иницијативи за поддршка на целите

- Ревизорски ресурси на области со висок ризик, усогласени со управувањето со ризикот во субјектот
- Унапредување на компетенциите и професионалноста на ревизорскиот кадар/персонал/вработените во единицата за внатрешна ревизија
- Континуирано подобрување на внатрешната ревизија зголемување на додадената вредност

Стратешка цел 1.

2. Воспоставување на мерки за подршка на развојот на стопанството и привлекување на инвестиции.

Ревизорските ресурси на областите со висок ризик, усогласени со управувањето со ризици во субјектот

2.2 Релевантни области на ризик во субјектот

РЕЛЕВАНТНИ ОБЛАСТИ НА РИЗИК		Ниво на ризичност	2026 година Прв/Втор квартал	2027 година Прв/Втор квартал	2028 година Трет/Четврт квартал
1.	Општина Кривогаштани Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина за 2026 година	**средна**	**x**		
2.	Општина Кривогаштани -ИТ ревизија	**средна**		**x**	
3.	Општина Кривогаштани - Јавни набавки	**средна**			**x**
ВКУПНО РЕВИЗИИ			**1**	**1**	**1**

Временска рамка: прв квартал 2026 – четврт квартал 2028 година

Стратешка цел 2

Унапредување **на компетенциите и професионализмот на ревизорскиот кадар** на единицата за внатрешна ревизија .

Единицата за внатрешна ревизија е кадровски екипирано и се состои од раководител на одделение за внатрешна ревизија и внатрешен ревизор .

Единицата за внатрешна ревизија е организациски функционално независна и директно одговара на раководителот на субјектот – градоначалник .

Функционалната независност е обезбедена преку неговата независност од другите организациони делови на општината во планирањето на работата , извршувањето на внатрешната ревизија и известувањето .

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори се независни при извршувањето на внатрешната ревизија и ја извршуваат стручно и професионално применувајќи ги принципите и правилата за однесување утврдени со Етичкиот кодекс на внатрешна ревизија.

Единицата за внатрешна ревизија спроведува внатрешна ревизија на сите организациони единици, програми, активности и процеси во општината, буџетските корисници и јавните претпријатија во сопственост на општината.

Во единицата за внатрешна ревизија вработените да се стекнат со сертификати за овластен внатрешен ревизор и обезбедување на континуирана едукација , со присуство на обуки од областа на имформатичката и комуникациската технологија , како и примена на техники за анализа на податоци ,вклопувајќи ја примената на стандардите и методологијата за ревизорски ангажмани .

Стратешка цел 3

2.3 Континуирано подобрување на внатрешната ревизија зголемување на додадената вредност

Единицата за внатрешна ревизија обезбедува објективно и релевантно утврдување, придонесува за ефективноста и ефикасноста на управувањето, управувањето со ризик, и процесите за контрола и со тоа се додава вредност на субјектот и нејзините учесници .

Временска рамка: прв квартал 2026 – четврт квартал 2028 година

3. Ажурирање и известување за Стратегијата за внатрешна ревизија

Стратегијата за внатрешна ревизија за 2026 -2028 е донесена за тригодишен период. Истата тековно ќе се следи и периодично ќе се разгледува со раководителот на субјектот. Стратегијата за внатрешна ревизија ќе биде прилагодена секогаш кога ќе настанат значајни промени во стратешките цели на субјектот или очекувањата на засегнатите страни. При периодичното разгледување на Стратегијата ќе се дискутира

за напредокот на единицата за внатрешна ревизија и иницијативи за нејзино подобрување со раководителот на субјектот.

По изминување на тригодишниот период, раководителот на единицата за внатрешна ревизија ќе изготви нова Стратегија за внатрешна ревизија.

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија ќе известува за спроведувањето на Стратегијата за внатрешна ревизија преку Годишниот извештај за работата на единицата за внатрешна ревизија.

Стратешки план за внатрешна ревизија

Содржина

1. ВОВЕД
1.1. Преглед
1.2. Организациска структура и делокруг на работа на внатрешната ревизија

2. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА
2.1. Цели и приоритети на субјектот и субјектите под негова надлежност
2.2. Очекувани промени во субјектот и субјектите под негова надлежност
2.3. Статусот на системот за финансиско управување и контрола

3. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ

4. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК
4.1. Пристап при идентификација на ризиците
4.2. Фактори на ризик
4.3. Резултати од проценката на ризиците за целите на стратешкото планирање

5. ПРИОРИТЕТИ НА РЕВИЗИЈАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД ДО (ВНЕСЕТЕ ПЕРИОД)
5.1. Врските помеѓу приоритетните области за ревидирање и извршените анализи
5.2. Листа на приоритетни ревизорски области и распоред за ревизија

6. ПОТРЕБЕН КАДАР/ПЕРСОНАЛ/ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

7. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА И ПОВРЗУВАЊЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

8. ЗАКЛУЧОК

1. ВОВЕД

1.1. Преглед

Стратешкиот план за внатрешна ревизија за 2026-2028 година претставува план за ревизии/активности кои ќе се спроведуваат во текот на наредниот тригодишниот период.
Стратешкиот план за внатрешна ревизија за 2026-2028 година ги вклучува најважните цели, приоритети и активности за внатрешната ревизија во Општина Кривогаштани за наредниот тригодишниот период.

Целите и активностите на внатрешната ревизија се во согласност со целите и приоритетите на Општина Кривогаштани и субјектите под негова надлежност за кои се врши внатрешна ревизија, а кои се вклучени во :

- Стратегија за развој на Општина Кривогаштани 2022-2024 г.(треба да се ажурира) .
- Буџет на општината за 2026 година со проекции за 2027-2028 година;
- План за програми за развој на општината за 2026 година со проекции за 2027-2028 година;
- Оперативни планови (годишен план за работа, план за одржување, план за јавни набавки, план за вработување и.тн) на единките корисници и јавните претпријатија во надлежност на општината;
- Финансиските планови на единките корисници и јавните претпријатија во надлежност на општината;

Програми :

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: (КРАЈНА ЦЕЛ)

3. Воспоставување на мерки за подршка на развојот на стопанството и привлекување на инвестиции.

ПОД-ЦЕЛ 1.1: (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Преземање на мерки за зголемување на бројот и конкурентноста на МСП *АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)*

1.1.1 Формирање на Агенција за поддршка на развојот на МСП
1.1.2 Програма за обука за претприемништво и старт-уп бизниси
1.1.3 Програма на настани за промоција на бизнисите
1.1.4 Програма за ревитализација на неискористени капацитети во општината по населените места
1.1.5 Создавање на услови за отварање на центри за континуирна едукација и обуки за професионално доусовршување (странски јазици, компјутери, тимска работа, комуникациски вештини) на млади и возрасни по населени места

ПОД-ЦЕЛ 1.2: (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Креирање на локална политика за поддршка на постојните бизниси и привлекување на нови инвестиции заради отварање на нови работни места

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

1.2.1 Изработка и усвојување на урбанистичка документација за општината (посебен осврт на локации за банки, индустриски зони);

1.2.2 Урбанизација и инфраструктурно уредување на стопански зони (посебен осврт на локации за рибници, преработувачки капацитети, откупни центри);

1.2.3 Изработка и усвојување на урбанистичка документација за населените места

1.2.4 Програма за ревитализација на занаетчиството во општината (посебен акцент за реализација на програмата – агенција, фонд, промоција преку саеми, едукација, мрежа за занаетчиството)

1.2.5 Програма за утврдување на стимулативни мерки за бизнисите и занаетчиството во општината

ПОД-ЦЕЛ 1.3: (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Зајакнување на капацитетите на јавната администрација за управување со општинските ресурси (имот, данок, градежно земјиште, финансии, човечки ресурси)

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

1.3.1 Програма за утврдување на нови можности за приходи на општината;

1.3.2 Програма за зголемување на наплатата на општинските даноци и такси

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2. (КРАЈНА ЦЕЛ)

Создавање услови за развој на современо земјоделство во општината со оптимално искористување на земјоделските површини и пасишта

ПОД-ЦЕЛ 2.1 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Воспоставување на мерки за оптимално искористување на земјоделските површини и пасишта

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.1.1 Изработка на катастар на земјоделско земјиште и пасишта во општината

2.1.2 Програма за едукација на земјоделците (семинари)

2.1.3 Програма за мерки за окрупнување на земјоделските површини

2.1.4 Формирање на земјоделски здруженија

ПОД-ЦЕЛ 2.2 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Воспоставување на мерки за развој на современо земјоделие

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.2.1 Програма за развој на сточарството;

2.2.2 Програма за развој на градинарството;

2.2.3 Програма за развој на полјоделствотоо;

2.2.4 Програма за развој на органско земјоделие;

ПОД-ЦЕЛ 2.3 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Создавање на водни заедници и системи за наводнување

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.3.1 Анализа на состојбата и можностите на водните капацитети;

2.3.2 Програма за изградба на системи за водоснабдување;

2.3.3 Програма за мелиорација на пасишта;

ПОД-ЦЕЛ 2.4 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Воспоставување на мерки за развој на алтернативно земјоделие

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.4.1 Програма за развој на билкарството;

2.4.2 Програма за развој на пчеларството и неговите производи;

ПОД-ЦЕЛ 2.5: (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Создавање на услови за отварање на преработувачки и производствени капацитети

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.5.1 Изработка и усвојување на урбанистичка документација во функција на развој на земјоделството (посебен осврт на локации за фарми, откупни центри, преработувачки капацитети);

2.5.2 Програма за ревитализација на постоечките капацитети во функција на земјоделието

2.5.3 Програма за утврдување на стимулативни мерки за отварање на преработувачки капацитети и откупни центри

ПОД-ЦЕЛ 2.6 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Промовирање на локалното земјоделско производство

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.6.1 Создавање на локален бренд;

2.6.2 Воведување на системите за квалитет (Еиго САР и НАССР) на земјоделското производство заради поддршка за нивна промоција

2.6.3 Зајакнување на соработката со здруженијата на земјоделци

2.6.4 Формирање на локален фонд за поддршка на земјоделството

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 (КРАЈНА ЦЕЛ)

Создавање на услови за целосен урбан развој на општината

ПОД-ЦЕЛ 3.1 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Подобрување на комуналната инфраструктура

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

3.1.1 Анализа на состојбата за утврдување на реална состојба со водоводна и канализациона мрежа по населени места

3.1.2 Утврдување на приоритетна листа за изградба и подобрување на постоечките водоснабителни системи

3.1.3 Изработка на техничка документација за изградба и подобрување на водоводна мрежа согласно утврдената приоритетна листа

3.1.4 Изградба и реконструкција на водоснабдителни системи согласно изработената техничка документација

3.1.5 Утврдување на приоритетна листа за изградба и подобрување на постоечките канализациони и колекторски системи

3.1.6 Изработка на техничка документација за изградба и подобрување на канализациони и колекторски системи согласно утврдената приоритетна листа

ПОД-ЦЕЛ 3.2 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Подобрување на локалната и регионалната патна инфраструктура

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

3.2.1 Анализа на состојбата со локалната патна мрежа

3.2.2 Утврдување на приоритетна листа за изградба

3.2.3 Изработка на техничка документација за локалната патна мрежа согласно утврдената приоритетна листа

3.2.4 Доизградба на локалната патна мрежа согласно постоечката техничка документација

3.2.5 Реконструкција на постоечката локална патна мрежа според ажурирана приоритетна листа

3.2.6 Реконструкција на регионални патишта

ПОД ЦЕЛ 3.3 (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Подобрување на снабдувањето со електрична енергија.

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

3.3.1 Формирање на работна група за снимање на состојбата и можностите за водење на преговори со ЕВН

3.3.2 Изработка на приоритетна листа за реконструкција на електричната мрежа

3.3.3 Реконструкција на електричната мрежа според приоритетната листа

3.3.4 Изработка на приоритетна листа за реконструкција на јавната мрежа

3.3.5 Реконструкција на јавната мрежа според приоритетната листа

3.3.6 Програма за појачување на трафостаниците во сите населени места

3.3.7 Одвојување на апаратурата за јавно осветлување надвор од трафостаниците

3.3.8 Изработка на приоритетна листа за изградба на електрична мрежа

3.3.9 Изградба на електричната мрежа според приоритетната листа

ПОД-ЦЕЛ 3.4 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Подобрување на условите за управување со отпад и заштита на животната средина

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

3.4.1 Изработка на Програма за организирано изнесување на сметот / Стратегија за управување со отпад;

3.4.2 Одредување на локација за депонирање на смет

3.4.3 Опремување на комуналното претпријатие со механизација

Стратешкиот план за внатрешна ревизија е изработен врз основа на проценка на ризик и согласно Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и Глобалните стандарди за внатрешна ревизија и Упатството за подготовка на Стратегија за внатрешна ревизија и Годишен план за внатрешна ревизија

1.2. Организациска структура и делокруг на работа на единицата за внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија е независна, објективна и советодавна активност дизајнирана да додаде вредност и да го подобри работењето на субјектот. Внатрешната ревизија му помага на субјектот да ги постигне своите цели со донесување систематски, дисциплиниран пристап за оценување и подобрување на ефективноста на процесите на управување со ризик, контрола и раководење.

1.2.1. Организациска структура на единицата за внатрешна ревизија

Општина Кривогаштани нема сопствени човечки ресурси за да во нејзината систематизација формира единица за внатрешна ревизија, па се до моментот на формирање се користат интерните ревизори од единицата за внатрешна ревизија од Македонски Брод кое се состои од раководител на одделение-Билјана Бошкоска и Љупка Мишкоска Сиљаноска , регулирано со склучен договор за меѓуопштинска соработка со бр. 03-154/1 од 28/02/2008 год .

Одделението за внатрешна ревизија е организациски и функционално независна и директно и единствено одговара на раководителот на субјектот-градоначалник.

Функционалната независност е обезбедена преку неговата независност од другите организациони делови на општината во планирањето на работата, извршувањето на внатрешната ревизија и известувањето.

Раководителот на одделението за внатрешна ревизија и внатрешните ревизори се независни при извршувањето на внатрешната ревизија и ја извршуваат стручно и професионално применувајќи ги принципите и правилата за однесување утврдени со Етичкиот кодекс на внатрешна ревизија.

Одделението за внатрешна ревизија спроведува внатрешна ревизија на сите организациони единици, програми, активности и процеси во општината, буџетските корисници и јавните претпријатија во сопственост на општината.

1.2.2. Делокруг на работа на единицата за внатрешна ревизија

Единицата за внатрешна ревизија врши ревизија на сите програми, проекти, активности и работни процеси во субјектот и субјектите под негова надлежност. Внатрешната ревизија обезбедува наоди, мислења и препораки за подобрување на системот на внатрешна контрола во ревидираната област. Внатрешната ревизија обезбедува советодавни услуги, увиди и проекции за можни идни сценарија по вид и опфат договорени со раководителот на јавниот субјект.

2. ПРЕГЛЕД НА ЦЕЛИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ НА СУБЈЕКТОТ

Стратешкиот план за периодот од 2026-2028 година е изготвен врз основа на извршен преглед на целите и приоритетите на институцијата и институциите во надлежност, како и состојбата на развиеноста на системот за финансиско управување и контрола . Прегледот се заснова на информациите собрани преку : анализа на стратешки документи, анализа на програмите содржани во буџетот, анализа на финансиски планови на буџетските корисници, бизнис плановите на јавните комунални претпријатија за периодот 2025-2027 година, состаноци и интервјуа со раководството, анализа на документација во врска со состојбата на системот за внатрешна контрола.

2.1. Цели и приоритети на субјектот и субјектите под негова надлежност

- **Утврдување на стратешки цели на општината**

-утврдено со планот за развојни програми-

Општина Кривогаштани е во тек со изработка на Стратешки план за локален економски развој за период 2022-2024. Во тој план се зацртани следните планови, програми и цели:

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: (КРАЈНА ЦЕЛ)

4. Воспоставување на мерки за подршка на развојот на стопанството и привлекување на инвестиции.

ПОД-ЦЕЛ 1.1: (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Преземање на мерки за зголемување на бројот и конкурентноста на МСП *АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)*

1.1.1 Формирање на Агенција за поддршка на развојот на МСП

1.1.2 Програма за обука за претприемништво и старт-уп бизниси

1.1.3 Програма на настани за промоција на бизнисите

1.1.4 Програма за ревитализација на неискористени капацитети во општината по населените места

1.1.5 Создавање на услови за отварање на центри за континуирна едукација и обуки за професионално доусовршување (странски јазици, компјутери, тимска работа, комуникациски вештини) на млади и возрасни по населени места

ПОД-ЦЕЛ 1.2: (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Креирање на локална политика за поддршка на постојните бизниси и привлекување на нови инвестиции заради отварање на нови работни места

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

1.2.1 Изработка и усвојување на урбанистичка документација за општината (посебен осврт на локации за банки, индустриски зони);

1.2.2 Урбанизација и инфраструктурно уредување на стопански зони (посебен осврт на локации за рибници, преработувачки капацитети, откупни центри);

1.2.3 Изработка и усвојување на урбанистичка документација за населените места
1.2.4 Програма за ревитализација на занаетчиството во општината (посебен акцент за реализација на програмата – агенција, фонд, промоција преку саеми, едукација, мрежа за занаетчиството)
1.2.5 Програма за утврдување на стимулативни мерки за бизнисите и занаетчиството во општината

ПОД-ЦЕЛ 1.3: (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Зајакнување на капацитетите на јавната администрација за управување со општинските ресурси (имот, данок, градежно земјиште, финансии, човечки ресурси)

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

1.3.1 Програма за утврдување на нови можности за приходи на општината;

1.3.2 Програма за зголемување на наплатата на општинските даноци и такси

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2. (КРАЈНА ЦЕЛ)

Создавање услови за развој на современо земјоделство во општината со оптимално искористување на земјоделските површини и пасишта

ПОД-ЦЕЛ 2.1 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Воспоставување на мерки за оптимално искористување на земјоделските површини и пасишта

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.1.1 Изработка на катастар на земјоделско земјиште и пасишта во општината
2.1.2 Програма за едукација на земјоделците (семинари)
2.1.3 Програма за мерки за окрупнување на земјоделските површини
2.1.4 Формирање на земјоделски здруженија

ПОД-ЦЕЛ 2.2 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Воспоставување на мерки за развој на современо земјоделие

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.2.1 Програма за развој на сточарството;
2.2.2 Програма за развој на градинарството;
2.2.3 Програма за развој на полјоделствотоо;
2.2.4 Програма за развој на органско земјоделие;

ПОД-ЦЕЛ 2.3 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Создавање на водни заедници и системи за наводнување

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.3.1 Анализа на состојбата и можностите на водните капацитети;
2.3.2 Програма за изградба на системи за водоснабдување;
2.3.3 Програма за мелиорација на пасишта;

ПОД-ЦЕЛ 2.4 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Воспоставување на мерки за развој на алтернативно земјоделие

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.4.1 Програма за развој на билкарството;

2.4.2 Програма за развој на пчеларството и неговите производи;

ПОД-ЦЕЛ 2.5: (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Создавање на услови за отварање на преработувачки и производствени капацитети

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.5.1 Изработка и усвојување на урбанистичка документација во функција на развој на земјоделството (посебен осврт на локации за фарми, откупни центри, преработувачки капацитети);

2.5.2 Програма за ревитализација на постоечките капацитети во функција на земјоделието

2.5.3 Програма за утврдување на стимулативни мерки за отварање на преработувачки капацитети и откупни центри

ПОД-ЦЕЛ 2.6 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Промовирање на локалното земјоделско производство

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

2.6.1 Создавање на локален бренд;

2.6.2 Воведување на системите за квалитет (Еиго САР и НАССР) на земјоделското производство заради поддршка за нивна промоција

2.6.3 Зајакнување на соработката со здруженијата на земјоделци

2.6.4 Формирање на локален фонд за поддршка на земјоделството

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3 (КРАЈНА ЦЕЛ)

Создавање на услови за целосен урбан развој на општината

ПОД-ЦЕЛ 3.1 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Подобрување на комуналната инфраструктура

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

3.1.1 Анализа на состојбата за утврдување на реална состојба со водоводна и канализациона мрежа по населени места

3.1.2 Утврдување на приоритетна листа за изградба и подобрување на постоечките водоснабителни системи

3.1.3 Изработка на техничка документација за изградба и подобрување на водоводна мрежа согласно утврдената приоритетна листа

3.1.4 Изградба и реконструкција на водоснабдителни системи согласно изработената техничка документација

3.1.5 Утврдување на приоритетна листа за изградба и подобрување на постоечките канализациони и колекторски системи

3.1.6 Изработка на техничка документација за изградба и подобрување на канализациони и колекторски системи согласно утврдената приоритетна листа

ПОД-ЦЕЛ 3.2 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Подобрување на локалната и регионалната патна инфраструктура

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

3.2.1 Анализа на состојбата со локалната патна мрежа

3.2.2 Утврдување на приоритетна листа за изградба

3.2.3 Изработка на техничка документација за локалната патна мрежа согласно утврдената приоритетна листа

3.2.4 Доизградба на локалната патна мрежа согласно постоечката техничка документација

3.2.5 Реконструкција на постоечката локална патна мрежа според ажурирана приоритетна листа

3.2.6 Реконструкција на регионални патишта

ПОД ЦЕЛ 3.3 (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Подобрување на снабдувањето со електрична енергија.

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

3.3.1 Формирање на работна група за снимање на состојбата и можностите за водење на преговори со ЕВН

3.3.2 Изработка на приоритетна листа за реконструкција на електричната мрежа

3.3.3 Реконструкција на електричната мрежа според приоритетната листа

3.3.4 Изработка на приоритетна листа за реконструкција на јавната мрежа

3.3.5 Реконструкција на јавната мрежа според приоритетната листа

3.3.6 Програма за појачување на трафостаниците во сите населени места

3.3.7 Одвојување на апаратурата за јавно осветлување надвор од трафостаниците

3.3.8 Изработка на приоритетна листа за изградба на електрична мрежа

3.3.9 Изградба на електричната мрежа според приоритетната листа

ПОД-ЦЕЛ 3.4 : (КОНКРЕТНА ЦЕЛ)

Подобрување на условите за управување со отпад и заштита на животната средина

АКТИВНОСТИ: (ПРОГРАМИ)

3.4.1 Изработка на Програма за организирано изнесување на сметот / Стратегија за управување со отпад;

3.4.2 Одредување на локација за депонирање на смет

3.4.3 Опремување на комуналното претпријатие со механизација

- **Цели и приоритети на буџетски корисници**

Плановите за работа на буџетските корисници за 2026 год.,ги дефинираат програмите поврзани со работењето на одделни институции: програма за основните општински училишта (ООУ) и програма за градинка кои се донесени врз основа на законските одредби со кои се регулира одредена област.

Финансиските планови ги покажуваат приходите и расходите на единките корисници.

- **Цели и приоритети на јавните комунални претпријатија**

Во финансиските планови и плановите за работа на ЈКП за 2026 година се утврдени програмите и целите поврзани со основната дејност на претпријатијата. ЈКП ги има следните дејности: собирање, транспортирање и депонирање на комунален и комерцијален цврст и технолошки отпад од индивидуалните корисници и правните лица и негово депонирање на предвидената депонија, Одржување на соодветните депонии депонија согласно стандардите за зачувување на животната средина, Одржување чистота на јавно прометни површини (метење и перење), Зимско одржување на улици и локални патишта, Одржување на паркови и зеленило, Одржување на спортски објекти, Одржување на сточен пазар и зелен пазар.

Во финансиските планови и плановите за работа на ЈП Водовод и канализација за 2026 год., снабдување на граѓаните за вода за пиење, пречистување и дистрибуција на отпадните води и собирање на атмосферски води.

Финансиските планови покажуваат приходи и расходи како и инвестици и инвестициски планови.

2.2. Очекувани промени во субјектот и субјектите под негова надлежност

Како очекувани промени во Општина Кривогаштани се:

-реализација на капитални и инвестициски проекти што треба да се реализираат во наредните три години обезбедување на финансиски средства од други извори, даночната реформа и планираната реализација на приходите, недостаток на интерес на инвеститорите во општината и проекти (општински придонес) од ЕУ фондови, интерес на пазарот за купување сопственост на општината и обезбедување на приход од продажби кој се финансирани од изградба на капитални проекти, како резултат на примената на одредбите од закон за јавни набавки,

-можноста за користење на средства од фондовите на ЕУ за изработка на урбанистички проекти за изградба, реконструкција, одржување на водоводи, канализациони мрежи, собирање и одведување на атмосферски води ,

- Дополнување и ажурирање на програми за зимско одржување на улици и локални патишта, одржување на јавна чистота, развој на културата и спортот во општината и.т.н

- постапување во согласност со барањата кои произлегуваат од регулативата за изготвување, планирање на Буџетот на РСМ, регулативата за изготвување на буџетот на единиците корисници на локалната самоуправа, поврзана со начинот на планирање и извршување на буџетот, односно финансискиот план, сметководствено следење, задржување на трошоците во рамки на одредени стандарди .

2.3. Статусот/нивото на развиеност на системот за финансиско управување и контрола

2.3.1 **Состојба на системот на финансиско управување и контрола во општината**

Во Општина Кривогаштани нема правено ревизија ДЗР и нема изразено мислење. Внатрешната ревизија од Општина Македонски Брод направи ревизија на работењето во одделението за финансиски прашања на сметката на органот, ревизија на јавните набавки под вредносен праг во општината, ревизија на процесот на управување со ризици, исто така и во единките корисници училиштата, градинката.

Соодветно на тоа, фокусот на внатрешната ревизија треба да биде насочен кон одделенијата во кои досега не е извршена ревизија.

2. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ

Потенцијалните области за ревидирање, единицата за внатрешна ревизија ги врши врз основа на придонесот на категории за постигнување на целите, влијанието на надворешните и внатрешните системи, комплексноста и ранливоста на системот.
Утврдувањето на секој ревидиран процес во општината и институциите во надлежност се наведени подолу :

Потенцијалните области за ревидирање утврдени од Одделението за внатрешна ревизија на Општина Кривогаштани се следниве :

1. Финансиско управување и контрола во работењето на Општина Кривогаштани и сите институции под надлежност на Општина Кривогаштани;
2. Донесување на буџетот;
3. Изготвување на извештаи;
4. Ажурирање на данок на имот;
5. Контрола на финансиските документи;
6. Сметководствено евидентирање;
7. Плаќање во финансиското работење;
8. Реализацијата на договорите;
9. Пресметка на плата;
10. Благајничко работење;
11. Собирање, наплата на приходи;
12. Изготвување на апликации и проекти за аплицирање на средства од донации;
13. Јавни набавки;
14. Подготвување на седниците на совет;
15. Одржување на општинскиот софтвер;
16. Архивско работење;
17. Одржување на зградите и инсталацијата;
18. Одржување на возниот парк;
19. Бесправно изградени објекти;
20. Издавање на одобрение за градба;
21. Пресметка на комунален надоместок;
22. Продажба на градежно земјиште;
23. Следење на реализација на договори во делот на комуналии, улици и патшта;
24. Одржување на уличното осветлување;
25. Промоција на Општината;
26. Вработување ,

27. Материјално-финансиско работење во општинските градинки, основни училишта, и јавни претпријатија

28. Управување со ризици во општина,

29.Евидентирање и пријавување на обврски во општина

30. - Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишство и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина за 2026 година

4. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

4.1. Пристап за идентификација на ризик

Ризиците се одредуваат на ниво на потенцијални области на ревизија. Се користат извори на информации за идентификување на ризиците: Извештаи за внатрешна ревизија и мониторинг на акциони планови, финансиски извештаи на буџетските корисници и јавните претпријатија за 2024 година, тековни настани во буџетските корисници и јавните претпријатија во 2025 година. Буџет на општината за 2026 година и проекции за 2027-2028 година, контрола на изјавата за фискална одговорност на општината и институциите под надлежност.

4.2. Фактори на ризик

Факторите на ризик може да вклучуваат настани, околности, трендови кои се случуваат во работењето, кои влијаат на способноста на активирање на ризик или зголемување на веројатноста дека ризикот може да се случи и нивните ефекти се значајни. За целите на проценка на ефектот и веројатноста, земени се предвид следниве фактори на ризик:

* финансиски ризици (несоодветна контрола на наплатата на приходи, оптимизација на трошоците, недоволна претходна анализа на проектите / програмите, растурање на трошоците),

* Репутациски ризици (недоволна претходна анализа на проекти / програма, губење на довербата на граѓаните)

* оперативни ризици (недостаток на интерни акти / процедури за спроведување на процесот)

* Можноста за користење средства од фондови (неефикасност, несоодветност на апликацијата)

* ризици за управување со средства (пропусти во однос на несоодветна профитабилност, недоволна загриженост во врска со собирањето на приходи, рационализација на трошоците, загуби)

*ризици од корупција,

* законска регулатива (чести промени во регулативата, сложеност, влијание врз усвојувањето и примената на интерните прописи) .

Внатрешна ревизија мора да води сметка дека комбинацијата на повеќе поврзани фактори на ризик на крајот доведува до поголема изложеност на ризик и затоа е неопходно да се разгледа поврзаноста на факторите на ризици односно комбинацијата на повеќе фактори на ризик.

4.3. Резултати од проценката на ризикот за целите на стратешкото планирање за внатрешна ревизија

Со оглед на пристап кон идентификување на ризиците на ниво на потенцијални области, беа земени одредени процеси во општината (како и нивната врска со плановите на институциите на надлежност) . Земени се во предвид областите со среден ризик за изградба и одржување на комунална инфраструктура и изградба на градежни објекти (поради финансиски ризици, можни одложувања и недостатоци во мониторинг на проекти), одржување и користење на спортски објекти (недостаток на стандарди и критериуми за користење, економичност, финансиско значење), трошењето на средства на општината, евидентирање и пријавување на обврски во општината , управување со ризици , евидентирање и наплата на приходи во општината , системите на буџетските корисници (можноста за недостаток на контрола на трошоците на средства), а среден ризик во буџетските корисници - основни училишта, јавните комунални претпријатја и индивидуални програми на општината (и недостатокот на неусогласеност со критериумите на финансирање, несоодветна контрола на трошењето на средствата).

5. РЕВИЗОРСКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ТЕКОТ НА ПЕРИОДОТ ОД (2026 до 2028)

Врз основа на анализите спроведени заради изработка на Стратешкиот план за внатрешна ревизија, врз основа на проценката на ризикот за потенцијалните области за ревидирање, и по консултациите со раководството, утврдена е листа на ревизорски приоритети за периодот од 2026 до 2028 година .

5.1. Врска помеѓу приоритетните области за ревидирање и спроведените анализи на значајноста и проценка на нивото на ризикот и преглед на приоритетните области за ревидирање за време на периодот од 2026 год. до 2028 година кои ќе бидат предмет на ревизија, по години

Табела 1: Врскаа помеѓу приоритетните области за ревидирање и спроведените анализи на значајноста и проценка на нивото на ризикот и преглед на приоритетните области за ревидирање за време на **периодот од 2026 до 2028 година** *кои ќе бидат предмет на ревизија по години*

Ред. Бр.	ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ЗА РЕВИДИРАЊЕ	Поврзувања			Внесете ги приоритетните ревизорски области кои ќе бидат предмет на ревизија во првата, втората или третата година од стратешкиот план за внатрешна ревизија.		
		Значење	Проценка на ризик	Друго -Барање на раководството - Заклучок/барање на Владата -ЦХУ	(прва година од Стратешкиот план за внатрешна ревизија	(втора година од Стратешкиот план за внатрешна ревизија	(трета година од Стратешкиот план за внатрешна ревизија
		– Придонес кон стратешките приоритети – Финансиска значајност – Управување и користење на ЕУ фондовите – Наоди од надворешна ревизија **(„x" или наративен опис))**	Ниво на ризик				
1.	**Општина Кривогаштани** -	x	среден		**Општина Кривогаштани** Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина за 2026 година		

2.	Општина Кривогаштани ИТревизија	x	среден			Општина Кривогаштани ИТревизија	
3.	Општина Кривогаштани Јавни набавки	x	среден				Општина Кривогаштани Јавни набавки

5. ПОТРЕБЕН ПЕРСОНАЛ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Општина Кривогаштани нема сопствени човечки ресурси за да во нејзината систематизација формира единица за внатрешна ревизија, па се до моментот на формирање се користат интерните ревизори од единицата за внатрешна ревизија од Македонски Брод кое се состои од раководител на одделение-Билјана Бошкоска и внатрешен ревизор Љупка Мишкоска Сиљаноска , регулирано со склучен договор за меѓуопштинска соработка со бр. 03-154/1 од 28/02/2008 год .
Споредбата помеѓу потребните човечки ресурси и реалниот број на внатрешни ревизори во единицата за внатрешна ревизија покажува дека единицата за внатрешна ревизија нема доволно ресурси за исполнување на целите од овој Стратешки план за внатрешна ревизија и поради тоа е склучен договорот за меѓуопштинска соработка како што е наведено погоре .

7. АЖУРИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА И ПОВРЗУВАЊЕ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија мора периодично да го разгледува Стратешкиот план за внатрешна ревизија заедно со раководителот на субјектот и Одборот за ревизија, доколку е применливо, секогаш кога се случуваат промени во стратешките цели на субјектот или очекувањата на засегнатите страни. Раководителот на субјектот ја одобрува секоја промена на Стратешкиот план за внатрешна ревизија.

По изминување на тригодишниот период, раководителот на единицата за внатрешна ревизија ќе изготви нов Стратешки план за внатрешна ревизија. По завршувањето на третата година од периодот вклучен во овој Стратешки план за внатрешна ревизија, единицата за внатрешна ревизија ќе изврши повторно сеопфатна проценка на ризикот.

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија ќе известува за спроведувањето на Стратешкиот план за внатрешна ревизија преку Годишниот извештај за работата на единицата за внатрешна ревизија.

Стратешкиот план за внатрешна ревизија е основа за развивање и подготовка на Годишниот план за внатрешна ревизија.

8. ЗАКЛУЧОК

Овој стратешки план се однесува на периодот 2026 - 2028 година. Стратешкиот план е составен врз основа на проценката на ризик, интервјуа со раководството, анализа на финансиски извештаи и финансиски планови кои ги одразуваат тековната состојба во општината, единките корисници и јавното комунално претпријатие. Стратешкиот план вклучува ревизии во општината и институции во надлежност кои подлежат на внатрешна ревизија. За секоја година се планира да се спроведе по една ревизија. Целта на внатрешната ревизија е да се фокусира на евалуација и подобрување на системите за внатрешна контрола, особено во однос на можностите за рационализација на трошоците, воведувањето и примената на стандардите и критериумите за одредени процеси, како и имплементација на препораките за подобрување на процесите на целиот систем .

.

Датум:

Раководител на Одделение
за Внатрешна ревизија
Билјана Бошкоска

Општина Кривогаштани
Градоначалник
Игор Каравилоски

СОДРЖИНА

1. ВОВЕД

2. ВРСКАТА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план за внатрешна ревизија

3. АКТИВНОСТИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА 2026 година

3.1. Пренесени ревизии од претходната година

3.2. Поединечни ревизии во (внесете тековна година за која се однесува Годишниот план за внатрешна ревизија)

3.3. Други активности на внатрешната ревизија

4. КАПАЦИТЕТ НА ПЕРСОНАЛОТ/ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

4.1. Определување на можниот број на ревизорски денови во текот на годината

4.2. Пресметка на времето потребно за активности во Годишниот план за внатрешна ревизија

5. АЖУРИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

6. ЗАКЛУЧОК

1. ВОВЕД

Годишниот план за внатрешна ревизија за 2026 година се развива и подготвува врз основа на Стратешкиот план за внатрешна ревизија за период од 2026-2028 година усвоен од страна на градоначалникот на Општина Кривогаштани .

Годишниот план за внатрешна ревизија за 2026 година ги содржи сите активности на внатрешната ревизија кои се однесуваат на постигнување на целите на единицата за внатрешна ревизија содржани во Стратешкиот план за внатрешна ревизија од 2026 до 2028 година , и ги утврдува целите, обемот и ресурсите неопходни за обезбедување на секоја поединечна ревизија за 2026 година .
Во случај на потреба а поврзано со значителните промени кои може да се појавата во работењето во текот на годината и кои влијаат на активностите на внатрешната ревизија Годишниот план ќе се ажурира . Секоја промена на Годишниот план ја одобрува градоначалникот на Општина Кривогаштани .

2. ВРСКАТА ПОМЕЃУ СТРАТЕШКОТО И ГОДИШНОТО ПЛАНИРАЊЕ

2.1. Усогласеност на планираните ревизии со Стратешкиот план за внатрешна ревизија

Поединечните ревизии планирани за 2026 година се во согласност со усвоениот Стратешки план за внатрешна ревизија од 2026 до 2028 година . Врската помеѓу задачите планирани во Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија е наведена во следната табела.

Табела 1: Односот помеѓу ревизиите планирани во Стратешкиот и Годишниот план за внатрешна ревизија

Приоритетните области за ревидирање во Стратешкиот план за внатрешна ревизија за *2026 година*	**Планирани ревизии во текот на** *2026 година*
- Програма	**Општина Кривогаштани** - Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина за 2026 година

3. АКТИВНОСТИ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА 2026 година

3.1. Пренесени ревизии од претходната година

Во врска со Годишниот план за внатрешна ревизија за 2025 година извршени се сите планирани поединечни ревизии и тоа Ревизија на процес на јавни набавки под вредносните прагови за примена на законот за јавни набавки .

3.2. Поединечни ревизии во 2026 година

Внатрешната ревизија ќе ги изврши следните поединечни ревизии во текот на 2026 година со цел да се реализираат целите дефинирани во Стратешкиот план за внатрешна ревизија за периодот од 2026 до 2028 година како што следува:

Табела 2: Планирани поединечни ревизии во 2026 година :

Име на ревизијата **Ревизија на Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишство и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина за 2026 година** 1.	
Ниво на ризик (висок, среден, низок)	**среден**
Општа цел на ревизијата	**Потикнување на одговорното сопственишство со цел заштита и благосостојба на животните преку запознавање на сопствениците на кучиња на нивните законски обврска и должност**
Прелиминарен опфат на ревизија	**Анализа на системот: Проверка на документацијата поврзана со оваа ревизија**
Организациски единици вклучени во ревизијата	**Сектор за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животна средина** **Сектор за општи правни, јавни дејности, администрирање на приходи и финансиски прашања, комисиии, и.т.н**
Субјекти под надлежност	**Општина Кривогаштани**
Методи на ревизија	**Теренска работа, тестирање и преглед на**

	документацијата, интервју со вработените Алтернативни техники (вибер состаноци, скенирани документи, меил)

Планираните поединечни ревизии се вршат според следниот распоред:

Табела 3: Годишниот план за внатрешна ревизија – месечен преглед на ревизии

Име на ревизијата	01	02	03	04	05	06	07	08	09	10	11	12
Ревизија на Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина за 2026 година												

3.3. Други активности на внатрешната ревизија

Одделението за внатрешна ревизија ќе преземе и други активности и тоа:

- Следење на спроведувањето на Стратегијата за внатрешна ревизија ,Стратешкиот план и Годишниот план за внатрешна ревизија ,
- ажурирање на Стратегијата за внатрешна ревизија вклучувајќи го и Стратешкиот план за внатрешна ревизија и изготвување на Годишниот план за внатрешна ревизија за следната година;
- мониторинг на спроведувањето на препораките од внатрешната ревизија и

придонес кон нивната реализација;

- мониторинг на спроведувањето на препораките од надворешната ревизија и придонес кон нивната реализација;
- вршење на внатрешна проценка на квалитетот и известување за спроведена внатрешна проценка на квалитетот;
- вршење ревизии по барања од раководството или учество во ад-хок ревизии организирани од страна на МФ-ЦЕХ ,
- вршење на консултантски советодавни услуги;
- изготвување на Годишен извештај за работа ,
- соработка со единиците за внатрешна ревизија организирани во субјектите под надлежност, организирање на квартални/полугодишни/годишни состаноци итн.

4. АЛОКАЦИЈА НА РЕВИЗОРСКИ РЕСУРСИ

4.1. Определување на можниот број на ревизорски денови во текот на годината

Можен број на ревизорски денови потрбни за секој ревизор во единицата за внатрешна ревизија.

Табела 4: Пресметка на бројот на ревизорски денови во 2026 година

Име на ревизорот	**Работни денови во 2026 година**	**Број на денови за Годишен одмор**	**Број на денови за обука (едукација)***	**Непредвидени околности****	**Проценет број работни денови по ревизор**
1	2	3	4	5	6=2-3-4-5
Билјана Бошкоска	240	26	15	11	190
Љупка Мишкоска Сиљаноска	240	22	15	10	195

4.2. Пресметка на времето потребно за активности во Годишниот план за внатрешна ревизија

Ревизорските задачи и потребните денови ќе бидат доделени на активностите во Годишниот план за внатрешна ревизија, како што следува:

Табела 5: Пресметка на времето потребно за ревизорски активности во текот на 2026 година

Име на ревизорот	Процетни работн	Вршење на ревизорски ангажман	Вршење на консулт	Следење на спроведу	Ажурирање на Стратегијат	Подготовка на полугод	Соработка/остано	Самооценување на единицата

	и денови		антски (советодавни) услуги	вањето на препораките и проценка на влијанието	а за внатрешна ревизија и развивање на Годишниот план за внатрешна ревизија	ишен/ годишен извештај /извештај по барање	ци	за внатрешна ревизија
РАКОВОДИТЕЛОТ НА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА:								
Билјана Бошкоска	190	60	60	10	20	15	15	10
ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР								
Љупка Мишкоска Сиљаноска	195	140	10	5	10	10	10	10
Вкупно:	**385**	**200**	**70**	**15**	**30**	**25**	**25**	**20**
		385		**115**				
%	**100**	**52%**		**30%**				

Споредбата на потребните ресурси со реалниот број на внатрешни ревизори произлегува дека одделението за внатрешна ревизија ќе ја реализира предвидената ревизија во овој Годишен план.

5. АЖУРИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Доколку е потребно, а во врска со можни значајни промени во работењето во текот на годината што влијаат на активностите на внатрешната ревизија, Годишниот план за внатрешна ревизија ќе се ажурира соодветно.

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија известува за спроведувањето на Годишниот план за внатрешна ревизија на годишно ниво преку Годишниот извештај за активностите на единицата за внатрешна ревизија.

6. ЗАКЛУЧОК

Во текот на 2026 година, внатрешната ревизија ќе ги фокусира своите активности на:

- Изготвување на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор за 2025 година ;

- обезбедување на квалитетот на ревизијата и извршување на Годишниот план,
- зајакнување на системот на внатрешна контрола во општината и институции во надлежност,
- примена на Глобалните стандарди за внатрешна ревизија,во врска со развојот на методолошки пристап кон вршењето на функцијата на внатрешна ревизија,
- обезбедување на постојана стручна обука за стекнување на нови и проширување на постоечките знаења и вештини, во согласност со применливите упатства за континуиран професионален развој на внатрешните ревизори во јавниот сектор,
- континуирана соработка со внатрешната ревизија и финансиската контрола и други единици на локална самоуправа со цел размена на информации и искуства и проширување на знаењето.

Одделението за внатрешна ревизија врши следење на спроведувањето на препораките дадени во претходните ревизии и нивно остварување во практика, бидејќи само спроведувањето на дадените препораки ја зголемува дополнителната вредност на внатрешната ревизија. Целите и обемот на внатрешната ревизија се однесуваат на проценката на системот за внатрешна контрола и нејзиното зајакнување и влијанието врз зголемување на транспарентноста и зголемување на нивото на усогласеност на субјектите со пропишаните прописи во сите сегменти.

Датум:

Раководител на Одделение
за Внатрешна ревизија
Билјана Бошкоска

Општина Кривогаштани
Градоначалник
Игор Каравилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 05-1413
05.01 2026 год
КРИВОГАШТАНИ

Општина Кривогаштани

Одделение за Внатрешна ревизија Македонски Брод

Бр
Дата: Место:

ПРЕГЛЕД
НА ВИСОКИ РИЗИЦИ РАНГИРАНИ СОГЛАСНО ИЗВРШЕНАТА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ВО ПЛАНИРАЊЕТО НА РЕВИЗИЈАТА - РЕВИЗОРСКИ УНИВЕРЗУМ

Ред.бр.	Сектор/одделение	Име на процес/подпроцес	Високи ризици (опис)	Индекс на ризиците[1]
1.	**Одделение за финансиски прашања**	**Процес на планирање на вкупните расходи**	Неправилна проценка на капиталните расходи	**Среден(38)**
2.	**Одделение за комунални дејности и локален економски развој**	**Изготвување на програми**	Некомплетно и неточно согледување на состојбата на територијата на општината	**Среден(38)**
3.	**Одделение за комунални дејности и локален економски развој**	**Процес на подготовка на Програма за ЛЕР и извештај за реализација,**	Несоодветно одредување на мерките и несоодветно конкретизирање на активностите што треба да се извршат. Несовпаѓање со финансиските можности и капацитетите. Неизготвување на извештај за реализација	**Среден (38)**

1 Рангирајте ги ризиците според висината на индексот почнувајќи од ризикот со највисок индекс

4.	**Оддление за даноци, такси, надоместоци и други приходи на општината**	**Процес на издавање на одобрение за користење на простор пред деловен објект**	Несоодветно ,некомплетно извршен увид	**Среден(38)**
5.	**Одделение за урбанизам и заштита на животна средина**	**Процес на подготовка и Отстранување на објект**	Ненавремено и неправилно утврдување на статусот на објектот врз основа на извршениот увид,	**Среден(38)**
6.	**Набавки во општина**	**Процес на набавка**	-Неопфатност на реалните потреби во годишниот план за јавни набавки. Нефлексибилност,неусогласеност на планот со новонастанатите потреби	**Среден(38)**
7.	**Набавки во општина**	**Процес на набавка**	Несоодветно барање во однос на планот за јавни набавки и одобрениот буџет	**Среден(38)**
			Неусогласеност на договорот со -одлуката за јавна набавка -услови во тендерската документација - одлуката за избор на најповолен понудувач - закон за јавни набавки -закон за облигациони односи	**Среден(38)**
9.	**Набавки во општина**	**Процес на набавка**	Неусогласеност на ф-рата со договорот	**Среден(38)**
10.	**Набавки во општина**	**Јавни набавки под вредносните прагови за примена на законот за јавни набавки**	ненавремено, неточно, нерегуларно и нетранспарентно спроведување на јавни	**Среден(38)**

			набавки под вредносните прагови	
11.	**Одделение за финансиски прашања**	**Процес на евидентирањето и пријавувањето на обврските**	-не евидентирање на обврските	**Среден (38)**
12.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Процес на подготвување на финансиски планови**	Ненавремено, некомплетно и неточно изготвување на финансиските планови,	**Среден (38)**
13.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Процес на наплата и евидентирање на приходите и др.приливи по видови на ниво на ставки и потставки**	Ненавремено наплатување на утврдените приходи во Буџетот,	**Среден (38)**
14.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Процес на целосна контрола на влезните сметководствени документи и нивно комплетирање со пропратна документација**	Несоодветна проверка,контрола и комплетирање на влезни фактури	**Среден (38)**
15.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Процес на изготвување на излезен сметководствен документ во книговодство врз основа на комплетираните документи(фактура и сл)**	-Ненавремено и неточно изготвување на излезни сметководствени документи	**Среден (38)**
16.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Целосна контрола на влезните сметководствени документи и нивно комплетирање со пропратна документација**	Несоодветна проверка,контрола и комплетирање на влезни фактури.	**Среден (38)**
17.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Изготвување на излезен сметководствен документ во книговодство врз основа на комплетираните документи(фактура и сл)**	-Ненавремено и неточно изготвување на излезни сметководствени документи	**Среден (38)**
18.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Заведување на актите во деловодникот согласно Планот**	Незаконски,неправилно ,ненавремено и неточно заведување на актите во деловодникот.	**Среден (38)**

19.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Испраќање на актите преку книга за пошта (обична и препорачана) или преку курирска служба**	Ненавремено некомплетно испраќање на актите	**Среден (38)**
20.	**Одделение за финансиски прашања**	**Процес на планирање на вкупните приходи на буџетот**	Нерелно проценување на донациите.	**Среден(35)**
21.	**Одделение за финансиски прашања**	**Процес на планирање на вкупните приходи на буџетот**	Нереално проценување на приходи од самофинансирање	**Среден(35)**
			Нереално проценување на приходите од даноци и такси.	**Среден(35)**
22.	**Одделение за комунални дејности и локален економски развој**	**Процес на подготовка на изготвувањето на програма за изградба ,реконструкција и одржување на водоводи ,канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води и извештај за реализација**	Нереално, некомплетно и неточно согледување на состојбата на територијата на општината ,	**Среден(35)**
23.	**Проценка на ризици во единките корисници**	**Процес на изготвување на плата**	-Погрешно пресметани одбитоци на плата -Погрешно пресматани додатоци на плата - Погрешно пресметано звање на вработен	**Среден(35)**
24.	**Одделение за комунални дејности и локален економски развој**	**Процес на подготовка на Одлука за комунален ред**	Нереално утврдување на мерките за спроведување на комуналниот ред	**Среден (32)**
25.		**Процес на подготовка,_издавање дозволи за општински линиски превоз,слободен и посебен превоз на патници,извод од лиценца и возен ред**	Прием на некомплетна и несоодветна документација.	**Среден (32)**

26.	**Одделение за финансиски прашања**	**Процес на системот на финансиско управување и контрола**	Неизготвување на планот на финансиско управување и контрола Неизготвување на книгата на работни процеси Несоодветна проценка на ризиците Непреземање на соодветни мерки за спречување на ризиците	**Среден (38)**
27.	Одделение за финансиски прашања	**Процес на управување со ризици**	- немање на стратешки документи со јасно дефинирани цели немање стратегија со управување на ризици немање на систем на контрола за откривање на ризици при работењето -невоспоставен систем на следење и известување	**Низок (26)**
28.	**Сектор за урбанизам и заштита на животната средина**	**Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственичтво и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина**	Несоодветна, некомплетна проценка на финансиските с-ва за реализирање на програмата	**Среден (38)**
29.	**Оддление за општи и правни работи**		-недонесен Етички кодекс за политика на интегритет и антикорупциска политика	

Раководител на одделение за В.Р
Билјана Бошкоска
Општина Македонски Брод